РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА
МУЗЕЈ ГЕВГЕЛИЈА
Бр. 04-7/13
23.01 2024 год.
ГЕВГЕЛИЈА

Врз основ на член 76-а и 76-ѓ од Законот за култура ( „Службен Весник на Република Северна Македонија„ бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16, 11/18 и 11/18 - Одлука на Уставниот суд на РМ, У.бр.196/2007 од 16.1.2008 год., објавена во „Сл. на РМ“ бр. 15/2008), одредбите од Правилникот за формата и содржината на јавниот оглас и на пријавата за вработување, како и начинот на бодување во зависнот од категоријата и нивото на работното место за кое е објавен јавниот оглас бр.01-53/1 од ден 30.06.2021 година, Оглас бр. 04-75/2 од ден 28.12.2023 година, Записник бр. 04-7/7 од ден 18.01.2024 година и Записник 04-7/8 од ден 22.01.2024 година, Предлог за вршење на избор на кандидат по оглас 01/2023 арх.бр.04-7/12 од ден 22.01.2024 година, в.д. директор на ден 23.01.2024 година донесе :

**ОДЛУКА за вршење на избор на кандидат по Јавен оглас 01/2023**

1.За работно место Кустос –историчар на ниво Д03, со шифра на работно место КУЛ 03 04 Д03 002 во Одделение за историја по објавен оглас бр. 04-75/2 од ден 28.12.2023 година, еден ( 1) извршител, припадност на заедница македонец/ка се избира кандидатот Тања Трајковска.

2. Изборот е извршен врз основ на Предлог за вршење на избор на кандидат по оглас 01/2023 арх.бр. 04-7/12 од ден 22.01.2024.

3. Донесената одлука ќе биде објавена на веб странаta на Н.У. Музеј- Гевгелија.

4. Именуваната ќе биде вработена на работното место од точка 1 на оваа Одлука по конечноста на оваа одлука.

5. Оваа одлука влегува во сила на денот на нејзино донесување.

***Образложение***

Во врска со Јавен оглас 01/2023 со арх.бр. 04-75/2 од ден 28.12.2023 година за работно место Кустос –историчар на ниво Д03, со шифра на работно место КУЛ 03 04 Д03 002 во Одделение за историја, еден (1) извршител на неопределено време Министерство за култура на Република Северна Македонија со решение за номинирање на членови и заменици на членови со арх.бр.31-399/1 од ден 11.01.2024 година формираше Комисија за постапка за вработување. Комисијата на ден 18.01.2024 година спроведе постапка за административна селекција на пристигнати пријави со Записник бр.04-7/7 од ден 18.01.2024 година и на ден 22.01.2024 година постапка за веродостојност на докази и интервју со Записник бр.04-7/8 од ден 22.01.2024 година и утврди дека кандидатот Тања Трајковска е пријавен кандидат на јавниот оглас кој воедно ги исполнува и општите и посебните услови предвидени за работно место Кустос-историчар, а за кое нешто има доставено до в.д. директор Предлог за вршење на избор на кандидат по оглас 01/2023 со арх.бр. 04-7/12 од ден 22.01.2024.

Со оглед на горенаведеното в.д. директорот одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**Правна поука:** Против оваа одлука може да се поднесе приговор, во рок од 8 (осум) дена од денот на објавување на истата до Управен одбор на Н.У. Музеј – Гевгелија.

Гевгелија
23.01.2024 година

в.д. директор
Цеца Танчевска

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА МУЗЕЈ ГЕВГЕЛИЈА Гевгелија